ваат за својот губиток, тоа може да им помогне да го пребродат ова. Родителите, исто така, можат да се јават во SANDS (02) 9906 7004, тоа е група за поддршка за родители кои изгубиле бебе или поминале низ побацување. Преведувачката служба на телефон 131 450 може да ви помогне да се јавите. Постои и советување при здравствените општествени центри.

Телефонските броеви се точни во времето на издавање на оваа информација, но не се обновуваат ако дојде до промена. Ќе треба да ги проверите во телефонскиот именик пред да се јавите.

NSW Multicultural Health Communication Service
website: http://mhcs.health.nsw.gov.au
e-mail: mhcs@doh.health.nsw.gov.au
phone: (02) 9382 8111

REVIEWED April 2001
NSW Multicultural Health Communication Service

multicultural communication

Macedonian
3 August 1998

# Кога ќе умре бебето

## When a Baby Dies

NSW HEALTH DEPARTMENT

Од сите родени бебиња, приближно едно на секои сто ќе се роди мртво или ќе умре наскоро после раѓање. Тоа може да биде многу потресно за родителите и често првото прашање што тие ќе го поставатe зошто? Понекогаш причина за смртта е вродена мана или компликации при пораѓањето, но најчесто причината е непопзната.

Кога ќе умре бебето, многу родители сакаат да го видат, да поминат некое време со него и да го држат. Болниците обично можат да им го овозможат тоа и да им понудат да направат фотографии или да им дадат прамен од косата и отпечатоци од стапалата и рацете на детето за да ги имаат. За некои луѓе сето ова може да изгледа чудно (и некои родители не сакаат да ги направат овие работи), но родителите кои се решаваат да го видат своето дете, велат дека им помага да имаат спомени од него и да добијат шанса да се збогуваат со него.

"Мило ми е што поминав извесно време со моето бебе", вели една жена чие бебе умре наскоро после раѓањето. "Ми помогна да го запознам малку и да почувствувам дека тој бил дел од мојот живот."

Свештеник може да ви даде совети за тоа, или родителите може да побараат совет од бабица што го зборува нивниот јазик или од етнички здравствен работник.

Болниците во НЈВ прават сé што можат за да им помгнат на родителите во текот на вакви тешки моменти. Жената која што го изгубила бебето обично се сместува во приватна соба и ако добие млеко, докторот, сестрата или бабицата ќе ѝ дадат совет за тоа како да се прекине млекото. Партнерот на жената или фамилјата може да дојдат во посета во секое време и во некои болници, можно е некој близок или пријател да остане и преку ноќ.

Ако бебето умре пред 20-та недела се нарекува спонтан абортус (побацување) и не потребно да се пополни формулар и да се организира погреб. Меѓутоа, ако родителите сакаат нивното дете да биде благословено од свештеник или да биде погребано, треба да го му го спомнат тоа на докторот, бабицата или на социјалниот работник. Кога бебето ќе умре после 20-та недела се смета дека е мртво родено и во НЈВ родителите треба организираат погреб и да го регистрираат раѓањето на бебето - со овие работи може да помогне болничкиот социјален работник. Но, родителите не мора да присуствуваат на погребот ако тоа не се прави во нивната култура или религија. Ако има некои специјални обичаи кои се важни за бебето додека е тоа во болница, родителите треба да му го спомнат тоа на социјалниот работник (може да се обезбедат и преведувачи ако е потребно).

Откако жената ќе си оди од болница, бабица може да ја посети дома. Родителите, исто така, се добредојдени да одат во болницата и да се сретнат со социјалниот работник ако сакаат да разговараат со некого за губитокот.

Луѓето не можат секогаш да разберат дека тагата што родителите ја чувствуваат за бебето што умрело пред да се роди или кое што живеело само кусо време после раѓање, може да биде исто толку силна како тагата за близок што го знаеле со години. Нормално е жената и нејзиниот партнер да чувствуваат длабока тага во ова време, дури и ако дошло до побацување, и важно е роднините, блиските и пријателите дасе обидат да го разберат ова. Тагата е многу индивидуално чувство и жените и мажите може да увидат дека тие различно реагираат и имаат различни потреби во различно време. Понекогаш чувството на тага не се јавува веднаш после губиткот тулу подоцна.

Ако знаете некого чие бебе умрело - или имале побацено бебе - има работи со кои можете да помогнете. Не се плашете да прашате како се чувствуваат родителите, да зборувате за бебето и да го спомнете името, ако имало. Ова е подобро отколку да се избегнува темата и да се однесувате како ништо да не се случило - тоа може да ги повреди родителите кои тагуваат - може да личи како нивното бебе никогаш да не постоело. Понекогаш луѓето мислат дека е утешно ако речат "можеш пак да имаш друго бебе" или "можи така требаше да биде", но, ваквите збелешки може да болат исто така. Меѓутоа ако понудите практична поддршка и ако сте подготвени стрпливо да ги слушате родителите да зборy-